# ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ



| | | |
|---|---|---|
| Излегува по потреба | Број 1 | 11.11.2021 год. |



**ЈЕГУНОВЦЕ, НОЕМВРИ 2021**

1.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување на Одлука за избор на Верификациона комисија

**Се прогласува** Одлуката за избор на Верификациона комисија што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 10.11.2021 год.

Бр. 09- 1479/1
11.11.2021 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ",бр.5/02), член 25 став 1 и 2 од Статутот на Општина Јегуновце ("Сл.гласник на Општина Јегуновце" бр.21/03) и член 9 од Деловникот на Советот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.5/97), Советот на Општина Јегуновце на седницата одржана на ден 10.11.2021 год., донесе

# О Д Л У К А
## **за избор на Верификациона комисија**

Член 1

Со оваа одлука се избира Верификациона комисија.

Верификационата комисија е составена од претседател и 2 члена, во состав од:

1. Перица Савески - претседател
2. Томислав Ињоски - член
3. Небојша Гаврилоски - член

Член 2

Верификационата комисија има задача да го утврди идентитетот на членот на Советот и да подготви извештај со предлог за Верификација на мандатот на членот на Советот Општина Јегуновце врз основа на доставено уверение од страна на членот на Советот за неговиот избор и утврдување на недговиот идентитет.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Јегуновце".

Бр.08-1473/3
10.11.2021 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Најстар член
Мирослав Димовиќ, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

## РЕШЕНИЕ
### За прогласување на Одлука за Верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Јегуновце

**Се прогласува** Одлуката за Верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Јегуновце, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 10.11.2021 год. год.

Бр. 09- 1479/2
11.11.2021 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ",бр.5/02), член 7 став 1 од Деловникот на Советот на Општина Јегуновце, („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.5/97), и Извештајот на Верификационата комисија со предлог за верификација на мандатите, Советот на Општина Јегуновце на седницата одржана на ден 10.11.2021 год., донесе

## О Д Л У К А
### за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Јегуновце

**Член 1**

Со оваа одлука се верифицираа мандатите на членовите на Советот на Општина Јегуновце:

1. Орхан Сабрии - с.Шемшово
2. Артан Адили - с.Јажинце
3. Сихан Ајети - с.Оращје
4. Семире Исмаили- с.Шемшово
5. Перица Савески - с.Јанчиште
6. Валентина Марчевска - с.Жилче
7. Мирослав Димовиќ - с.Рогачево
8. Томислав Иљоски - с.Ратае
9. Симона Мисајлоска - с.Ратае
10. Милан Антовски - с.Јегуновце
11. Александар Стефановиќ - с.Јегуновце
12. Сара Николовска- с.Јанчиште
13. Небојша Гаврилоски - с.Беловиште
14. Бети Мишковска - с.Жилче
15. Новица Петровски - с.Јегуновце

**Член 2**

Со верификација на мандатите, членовите на Советот Општина Јегуновце од член 1 на оваа Одлука, се стекнуваат со права и должности утврдени со закон, со Статутот и со Деловникот за работа на Советот на Општина Јегуновце.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Јегуновце".

Бр.08-1473/5
10.11.2021 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Најстар член
Мирослав Димовиќ, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
## За прогласување на Одлуката за избор на Кандидациона комисија

**Се прогласува** Одлуката за за избор на Кандидациона комисија , што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 10.11.2021 год. год.

Бр. 09- 1479/3<br>
11.11.2021 год.<br>
Јегуновце

Општина Јегуновце<br>
Градоначалник<br>
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ",бр.5/02), член 25 став 1 и 2 од Статутот на Општина Јегуновце ("Сл.гласник на Општина Јегуновце" бр.21/03) и член 17 од Деловникот на Советот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.5/97), Советот на Општина Јегуновце на седницата одржана на ден 10.11.2021 год., донесе

# О Д Л У К А
## **за избор на Кандидациона комисија**

Член 1

Со оваа одлука се избира Кандидациона комисија.

Кандидационата комисија се избира веднаш по верификацијата на мандатите на членовите на Советот, со мнозинство гласови од присутните членови на Советот на Општина Јегуновце.

Кандидационата комисија е составена од претседател и 2 члена, кои се избираа по предлог на членовите на Советот, и тоа во состав од:

1. Томислав Иљоски -претседател
2. Милан Антовски - член
3. Бети Мишковска - член

Член 2

Кандидационата комисија има задача со мнозинство гласови од својот состав да предложи еден или повеќе кандидат за претседател на Советот на Општина Јегуновце.

Со изборот на претседател на Советот на Општина Јегуновце, Кандидационата комисија престанува со работа.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Јегуновце".

Бр.08-1473/6
10.11.2021 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Најстар член
Мирослав Димовиќ, с.р.

7.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување на Одлуката за избор Претседател на Советот на Општина Јегуновце

**Се прогласува** Одлуката за избор Претседател на Советот на Општина Јегуновце , што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 10.11.2021 год. год.

Бр. 09- 1479/4
11.11.2021 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

8.-

Врз основа на член 47 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на седницата одржана на ден 10.11.2021 г. донесе,

# О Д Л У К А
## За избор на претседател на Совет на Општина Јегуновце

### Член 1

Со оваа Одлука за претседател на Советот на Општина Јегуновце се избира Валентина Марчевска

### Член 2

Мандатот на претседателот на Советот на Општина Јегуновце од став 1 на оваа Одлука ќе трае 4 години сметано од денот на изборот.

### Член 3

Претседателот на Советот на Општина Јегуновце:

- Ги свикува и раководи со седниците на Советот;
- Се грижи за организацијата и работата на Советот; и
- ги потпишува прописите што ги донел Советот во рок од 3 дена од денот на нивното донесување ги доставува на градоначалникот заради објавување.

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Сл.гласник на Општина Јегуновце".

Бр.08-1473/8
10.11.2021 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Најстар член
Мирослав Димовиќ, с.р.

9.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за избор Комисија за мандатни прашања избори и именувања на Советот на Општина Јегуновце

**Се прогласува** Одлуката за избор Комисија за мандатни прашања избори и именувања на Советот на Општина Јегуновце , што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 10.11.2021 год. год.

Бр. 09- 1479/5
11.11.2021 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

10.-

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ",бр.5/02), член 25 став, а во врска со член 21 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Јегуновце ("Сл.гласник на Општина Јегуновце" бр.21/03) и член 24 од Деловникот на Советот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.5/97), Советот на Општина Јегуновце на седницата одржана на ден 10.11.2021 год., донесе

# О Д Л У К А
## за формирање Комисија за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Јегуновце

Член 1

Со оваа одлука се избира Комисија за мандатни прашања, избори и именувања, на Советот на Општина Јегуновце.

Член 2

Комисија за мандатни прашања, избори и именувања, на Советот на Општина Јегуновце се избира со мнозинство гласови од присутните членови на Советот на предлог од претседателот на Советот.

Комисија за мандатни прашања, избори и именувања е составена од претседател и 4 члена, во состав:

1. Томислав Ињоски - претседател

2. Мирослав Димовиќ - член

3. Перица Савески - член

4. Сара Николовска - член

5. Артан Адили - член

Член 3

Комисија за мандатни прашања, избори и именувања:

- разгледува и подготвува предлози кои се однесуваат на мандатно-имунитетните прашања;

- разгледува и подготвува предлози за избор и именување и разрешување од надлежност на Советот на Општината;

- определува плати, надоместоци и други примања на избрани и именувани лица;
- дава предлози за висината на надоместокот за присуство на седница;
- надоместоци на патните и дневните трошоци на членовите на Советот на Општината, како и трошоците направени во извршувањето на задачите што им ги доверил Советот на општината; и
- врши други работи определени со Статутот и Деловникот на Советот на Општина Јегуновце.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Јегуновце".

Бр.08-1473/9
10.11.2021 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

12.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување на Одлуката за определување на потписник на Буџетот и органите на Општина Јегуновце

**Се прогласува** Одлуката за определување на потписник на Буџетот н органите на Општина Јегуновце , што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 10.11.2021 год. год.

Бр. 09- 1479/6
11.11.2021 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

13.-

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ",бр.5/02), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце, („Сл.гласник на Општина Јегуновце, бр.21/03), Советот на Општина Јегуновце на седницата одржана на де10.11.2021 год., донесе

# О Д Л У К А
## за определување на потписник на Буџетот и органите на Општина Јегуновце

Член 1

Со оваа одлука се определува потписник на жиро сметките на Буџетот и органите на Општина Јегуновце.

Член 2

Градоначалникот на Општина Јегуновце Димитар Костадиноски се определува за потписник на жиро сметките: Буџетот на Општина Јегуновце 731014098363011, Орган на Општина Јегуновце 731014098363717, Наменска дотација на Општина Јегуновце 731014098393719, Општина Јегуновце Јавно претпријатие за државни патишта 731014098378927, Проект за реконструкција на спортско игралиште ОУ А.Здравковски 731014098378908, Проект партерно уредување и изградба на автобуска станица Јегуновце 731014098378999 и на сите донаторски сметки по извесни проекти кои ќе бидат отворени во текот на неговиот мандат.

Член 3

Со паричните средства на жиро сметките од член 2 на оваа Одлука ќе располага Градоначалникот овластен за полноважно потпишување.

Потпишувањето на налозите за пренос на средствата ќе се врши со поединечен потпис.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Јегуновце".

Бр.08-1473/10
10.11.2021 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

14.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за определување на советници овластени за склучување на бракови на подрачјето на ОпштинаЈегуновце

**Се прогласува** на Одлуката за определување на советници овластени за склучување на бракови на подрачјето на ОпштинаЈегуновце , што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 10.11.2021 год. год.

Бр. 09- 1479/7
11.11.2021 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

15.-

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ",бр.5/02), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце, Советот на Општина Јегуновце на седницата одржана на ден 10.11.2021 год., донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на советници овластени за склучување на бракови на подрачјето на Општина Јегуновце**

Член 1

Со оваа одлука советниците на Советот на Општина Јегуновце се определуваат и истите се овлстуваат да учествуваат при склучување на бракови пред надлежниот орган на подрачјето на Општина Јегуновце.

Член 2

Овластени советници за склучување на бракови во Матичните служби на Месните канцеларии: Јегуновце, Шемшово и Вратница се:

1. Орхан Сабрии - с.Шемшово
2. Артан Адили - с.Јажинце
3. Сихан Ајети - с.Орашје
4. Семире Исмаили- с.Шемшово
5. Перица Савески - с.Јанчиште
6. Валентина Марчевска - с.Жилче
7. Мирослав Димовиќ - с.Рогачево
8. Томислав Иљоски - с.Ратае
9. Симона Мисајлоска - с.Ратае
10. Милан Антовски - с.Јегуновце
11. Александар Стефановиќ - с.Јегуновце
12. Сара Николовска- с.Јанчиште
13. Небојша Гаврилоски - с.Беловиште
14. Бети Мишковска - с.Жилче
15. Новица Петровски - с.Јегуновце

Член 3

Волја на идните брачни другари на Општина Јегуновце ќе биде кого еден од наведените членови на Советот на Општина Јегуновце од член 2 на оваа Одлука ќе го поканат да присуствува на чинот при склучување на бракот пред матичните служби на МК Јегуновце, МК Шемшово и МК Вратница.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на советници овластени за склучување на бракови на подрачјето на Општина Јегуновце бр.08-1454/11 од 10.11.2017 год. („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.1/2017).

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Јегуновце".

Бр.08-1473/11
10.11.2021 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

# С О Д Р Ж И Н А

**Страна**

1. Решение за прогласување на Одлуката за избор на Верификациона комисија........................................................................ 1

2. Одлука за избор на Верификациона комисија.......................................... 2

3. Решение за прогласување на Одлуката за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Јегуновце.................. 3

4. Одлука за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Јегуновце........................................................................... 4

5. Решение за прогласување на Одлуката за избор на Кандидациона комисија .......................................................................................... 5

6. Одлука за избор на Кандидациона комисија ............................................ 6

7. Решение за прогласување на Одлуката за избор на претседател на Советот на Општина Јегуновце................................................... 7

8. Одлука за избор на претседател на Советот на Општина Јегуновце ... 8

9. Решение за прогласување на Одлуката за формирање на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Јегуновце ........................................................................................ 9

10. Одлука за формирање на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Јегуновце ...................................... 10

11. Решение за прогласување на Одлука за определување на потписник на Буџетот и органите на Општина Јегуновце.................... 12

12. Одлука за определување на потписник на Буџетот и органите на Општина Јегуновце....................................................................... 13

13. Решение за прогласување на Одлуката за определување на советници овластени за склучување на бракови на подрачјето на Општина Јегуновце....................................................................... 14

14. Одлука за определување на советници овластени за склучување на бракови на подрачјето на Општина Јегуновце....................................... 15